**М-р Панче Коцев**[1]

# ФЕНОМЕНОЛОШКИТЕ ОДЛИКИ НА СТОРИТЕЛИТЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ТЕРОРИЗАМ И ТЕРОРИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

**1.02 Прегледна научна статија**
**УДК 343.341(497.7)**
**УДК 343.91:343.341-051(497.7)**

**Апстракт**

Осврнувајќи се на законската поставеност на кривичните дела „Тероризам“ и „Терористичка организација“, како и на феноменолошките особини на извршителите на овие две тешки кривични дела, целта на авторот на овој краток труд е подетално да ги објасни одликите на нивните сторители и да даде обработени информации што подоцна ќе бидат особено корисни во целокупниот превентивен систем на општеството. Посебно во делот на превенцијата од тероризам и креирањето нов корпус на мерки при антитерористичко постапување. Споменатите инкриминации, македонското законодавство ги сместило во Кривичниот законик на Македонија, поточно во Глава 33: Кривични дела против јавниот ред. Во трудот, авторот се обидува да даде слика за застапеноста на овие кривични дела на нашето поднебје, полот на извршителите, како и реакцијата на органите на прогонот и судските инстанции преку донесените пресуди за споменатите кривични дела.

**Клучни зборови:** *тероризам, терористичка организација, кривично дело, антитероризам.*

[1] Министерство за внатрешни работи, Единица за брзо распоредување, panche2kocev@gmail.com.

## 1. Вовед

Моментот во кој ќе го убедиш непријателот дека не постои непријател е твојата најголема победа и почеток на неговиот дефинитивен пораз. Оваа древна мудрост мора постојано да ја имаме на ум, особено во случаите кога се бориме против криминалните умови што не избираат средства за исполнувањето на своите цели, а, исто така, да ја имаме предвид и кога работиме на полињата на антитероризам и контратероризам. Притоа мора да ја запазиме криминалистичката максима дека нашата цел е општествено негативните појави, како што е криминалот, да ги сведеме на минимум бидејќи речиси е невозможно тие да бидат целосно уништени. Ова особено важи за комплицираното кривично дело „Тероризам", кое е наш сопатник од антиката до денес.[2]

Кривичното дело „Тероризам" и кривичното дело „Терористичка организација" спаѓаат во кривичните дела против јавниот ред што се сместени во Глава 33 од Кривичниот законик на Македонија. Тоа значи дека со нивното извршување директно се врши напад врз јавниот ред и мир и поредокот во државата, а индиректно и врз самата држава. Оттука, не може а да не го споменеме и кривичното дело „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста", кое спаѓа во кривичните дела против државата. Како што кажува и самиот наслов, ова кривично дело е насочено кон напад врз уставот и безбедноста во државата.

Нормалното функционирање на јавниот ред и мир, почитувањето на уставноста во државата и гарантирањето на безбедноста претставуваат основни постулати на демократските општества. Нападот врз нив претставува директен напад врз државата. Безбедноста претставува примарна потреба и желба, но истовремено е основен услов за ред и мир, што овозможува стабилен општествен развој.[3] Според мислењето на Маслов, постојат пет категории основни потреби. Во таа категоризација, потребите за безбедност се

---

[2] Шалијан Ж. и Блин А., „Историјата на тероризмот: од антиката до Ал Каеда", Табернакул, Скопје, 2009, стр. 9.

[3] Стојановски, Т., Полицијата во демократското општество, 2 Август С, Штип, 1997, стр. 25.

сместени во втората категорија, веднаш по физиолошките потреби, кои се сместени во првата, бидејќи во моментите на несигурност сè друго изгледа помалку важно.[4]

Генерално, користењето на тероризмот како техника на притисок на некое движење, кое има некаква општествена тежина, се стреми од државата да добие одредени отстапки или да изнуди некакво решение за кое се преговара[5]. Решението што најчесто се бара овде е спротивно на уставноста на државите и се постигнува преку директен напад на правниот поредок и јавниот ред во државите. Оттука, и повеќе од јасно е зошто ова кривично дело треба сериозно да се истражува и да се следи мултидисциплинарно. Асфалиологијата, криминологијата, криминалистиката, кривичното право, психологијата, виктимологијата се само дел од науките што се занимаваат со овој феномен.

Истражувањата за тероризмот никогаш не недостигале. Тероризмот секогаш привлекува внимание во научните кругови ширум Европа и светот, особено во САД и во Русија. Кај нас тој тренд не е особено следен, но не може да се каже дека недостигаат статии и истражувања на ова поле. Фреквенцијата и квантитетот не се на задоволителното ниво, но одговараат на вкупниот број феноменологии на делата поврзани со тероризам.

## 2. Кривичноправно дефинирање на кривичните дела „Тероризам“ и „Терористичка организација“

Познат е фактот дека постојат многу проблеми при теоретското дефинирање на поимот тероризам. Ширум светот постојат огромен број различни ставови и различни дефиниции на овој термин.[6] Не се исклучок ниту ситуациите во кои во една иста држава, неколку различни агенции за справување со тероризмот имаат свои дефиниции. Сепак, секоја држава во рамките на своите законски прописи го има дефинирано поимот тероризам и го има инкриминирано на свој начин, сè со цел борба и сузбивање на овој вид специфичен и непожелен криминалитет. И покрај големиот број разлики во однос на тоа како е

[4] Maslow, H. A., Мотивација и личност, Нолит, Београд, 1982, стр. 92.
[5] Шалијан Ж. и Блин А., „Историјата на тероризмот: од антиката до Ал Каеда“, Табернакул, Скопје, 2009, стр. 23.
[6] Алекс П. Шмид, „The Definition of Terrorism“, во: The Routledge Handbook of Terrorism Research, уред. Alex P. Schmid (London: Routledge, 2011), стр. 39–157.

канонизирано ова дело, сепак државите соработуваат на ова поле и постапуваат заеднички, со цел полесно да се справат со него. Соработката денес го опфаќа полето на антитероризмот, но и полето на контратероризмот.

Македонското кривично право, тероризмот првично го сместува во членот 313 од Кривичниот законик на Македонија, кој гласи: „Тој што со намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија ќе предизвика или сериозно ќе се закани со предизвикување експлозија, пожар, поплава или друго општоопасно дејствие или акт на насилство, создавајќи чувство на несигурност или страв кај граѓаните, ќе се казни со казна затвор од најмалку 3 години.“[7] Споменатиот член 313 од КЗМ првенствено беше именуван како „Тероризам“, но со подоцнежните измените што настапија во јануари 2008 година, тој се преименува во „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“, при што казната затвор од најмалку 3 години тогаш прерасна во казна затвор од најмалку 10 години. Новоименуваното кривично дело се наоѓа во Глава 28 од КЗМ – Кривични дела против државата, додека, пак, новосозданото кривично дело со старото име „Тероризам“ е сместено во Глава 33 од КЗМ – Кривични дела против јавниот ред.

Кривичното дело „Тероризам“ се појавува како дополнување или нов член во КЗМ, поставен како член 394-б од КЗМ, кој гласи: „Тој што ќе изврши дело на убиство, телесно повредување, грабнување на лица, уништување јавни објекти, транспортни средства, објекти на инфраструктура, информациони системи и други објекти за општа употреба, грабнување авиони или други средства на јавен транспорт, производство, поседување или трговија со нуклеарно оружје, биолошки, хемиски и други видови оружја и опасни материи, пуштање опасни радиоактивни, отровни и други опасни супстанции или предизвикување пожар или експлозија, уништување постројки за снабдување со вода, енергија или други основни природни извори, со намера загрозување на животот и телото и создавање чувство на несигурност или страв кај граѓаните, ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор.“[8]

[7] Кривичен законик на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 37/96, со измени и дополнувања), член 313 – Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста, достапно и на: https://www.pravda.gov.mk/krivicen-zakonik.

[8] Кривичен законик на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 37/1996 со измени и дополнувања), член 394-б – Тероризам, достапно на: https://www.scribd.com/document/519024434/Krivicen-zakonik.

Освен овие две дела, Кривичниот законик на Македонија, по сите измени и дополнувања, ни дава уште седум други дела што се поврзуваат со тероризмот, т. е. дела што во себе имаат терористички карактер. Тоа се следниве кривични дела:

- Терористичка организација, член 394-а;
- Финансирање тероризам, член 394-в;
- Меѓународен тероризам, член 419;
- Загрозување лица под меѓународна заштита, член 420;
- Земање заложници, член 421;
- Грабнување воздухоплов или брод, член 302;
- Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај, член 303.

Согласно изнесеното, Република Македонија го има инкриминирано тероризмот во девет различни кривични дела и активно е вклучена во борбата против тероризмот, како на теоретско, така и на практично поле. Потписничка е на голем број меѓународни документи, протоколи, декларации и конвенции чиј составен дел е и борбата против тероризмот. Постојано се врши адаптација на домашното законодавство со европското со цел поедноставување на соработката и надминување на пречките во соработката поради поефикасна и поефективна борба против криминалот во целост.

## 3. Феноменолошки карактеристики на сторителите на кривичните дела „Тероризам“ и „Терористичка организација“ во Македонија

Анализата и деталното разгледување на секое кривично дело започнува со согледување на неговото квантитативно појавување на одредено подрачје во конкретно определен временски период. Во таа насока, периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2024 година е поставен како временски интервал за истражување на споменатите кривични дела, чие територијално покритие се однесува на целата територија на Македонија. Периодот од шест години е доволен за да може од него да бидат изведени заклучоци за феноменолошките и етимолошките појави на делата, од кои подоцна ќе може да се донесат мерки за креирање генерална стратегија за превенција и репресија со нив.

Во Табела бр. 1 е прикажан прегледот според години за вкупниот број обвинети и осудени лица за тековните години, поделен на двете споменати кривични дела. Како и вкупниот број обвинети и осудени лица за целиот период што е од интерес на овој труд.

**Табела бр. 1**

| **Преглед на обвинети и осудени според кривично дело и според календарска година** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Календарска година | | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Вкупно |
| Тероризам | Обвинети | 30 | / | / | 10 | / | 3 | 43 |
| | Осудени | 26 | / | / | 9 | / | 3 | 38 |
| Терористичка организација | Обвинети | / | 1 | 3 | 43 | 1 | / | 48 |
| | Осудени | / | 1 | 3 | 39 | / | / | 43 |

Извор: МАКСТАТ.[9]

Согледувајќи ги вкупните бројки, лесно може да се заклучи дека застапеноста на двете кривични дела во периодот што е од интерес е речиси идентична. Од вкупно 91 обвинети лица за делата од членот 394-а и 394-б, 47 % или 43 лица се обвинети за делото „Тероризам“, додека, пак, 53 % се обвинети за делото „Терористичка организација“. Бројките не се многу поразлични ниту ако ја согледаме процентуалната застапеност на лицата осудени за овие кривични дела. Процентите се исти, само бројот квантитативно се намалува на 38 осудени за „Тероризам“ и 43 осудени за „Терористичка организација“.

Разликата помеѓу бројките опаѓа за бројот на лица што се ослободени или за кои е запрена постапката на гонење. Вкупно 10 лица добиле ослободителна пресуда, по 5 за двете споменати дела. Преку проценти, тоа би значело дека 11 % од обвинетите за делото „Тероризам“ и 10 % од обвинетите за делото „Терористичка организација“ биле ослободени од вина.

**Табела бр. 2**

| **Соодност на обвинети, осудени и ослободени според дела за периодот од 2019 до 2024 година** |
|---|

[9] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (МАКСТАТ), Statistical Yearbook, 2024 (Скопје: МАКСТАТ, 30 октомври 2024), достапно на: State Statistical Office Publications.

| Кривично дело | Член од КЗМ | Обвинети | Осудени | Пол | Ослободени | Запрена постапка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тероризам | 394-б | 43 | 38 | Машки | 5 | |
| Терористичка Организација | 394-а | 48 | 43 (8 со признание на вина) | Машки | 4 | 1 |

Извор: МАКСТАТ.[10]

Во Табела бр. 2, во која се сумирани вкупните бројки за целиот споменат период, може да се види дека 9 лица се ослободени од вина, а за едно лице имаме запрена кривична постапка. Исто така, вреди да се спомене дека 18 % од обвинетите за делото „Терористичка организација" ја признале својата вина во текот на кривичната постапка.

**Табела бр. 3**

| Преглед на осудени лица според пол | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Вкупно |
| Осудени Лица | Тероризам | 26 | / | / | 9 | / | 3 | 38 |
| | Терористичка организација | / | 1 | 3 | 39 | / | / | 43 |
| Мажи | | 26 | 1 | 3 | 48 | 0 | 3 | 81 |
| Жени | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: МАКСТАТ.[11]

Извршителите на овие кривични дела се исклучиво од машки пол. Тоа лесно може да се забележи во Табела бр. 2, но подетално се гледа во Табела бр. 3, каде што полот на осудените лица е даден според години. Припадниците од машки пол овде не доминираат,

[10] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (МАКСТАТ), Statistical Yearbook, 2024 (Скопје: МАКСТАТ, 30 октомври 2024), достапно на: State Statistical Office Publications.
[11] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (МАКСТАТ), Statistical Yearbook, 2024 (Скопје: МАКСТАТ, 30 октомври 2024), достапно на: State Statistical Office Publication.

туку имаат ексклузивитет на извршување, бидејќи ниту меѓу обвинетите што се ослободени од вина не е забележано лице од спротивниот, женски пол.

Начинот на кој се санкционирани осудените лица е даден во следните две табели, Табела бр. 4 и Табела бр. 5. За двете споменати дела се доделени вкупно 13 казни доживотен затвор, 9 казни затвор од 20 години, 12 казни затвор од 10 до 15 години, 5 казни затвор од 5 до 10 години и една казна затвор од 3 до 5 години. Сериозноста на делата што се истражуваат и желбата на законодавецот да ги сведе на минимум налага за нив да бидат изречени прилично високи казни.

Оттука може да кажеме дека 32,5 % од осудените лица добиле казна доживотен затвор, 22,5 % од нив добиле казна затвор од 30 години и 30 % од нив добиле казна затвор од 10 до 15 години. Сумирано, дури 85 % од осудените лица добиле казна затвор од најмалку 10 години. Останатите 15 % припаѓаат на помалите, но сè уште сериозни казни затвор од 5 до 10 години (12,5 %) и казна затвор од 3 до 5 години (2,5 %).

**Табела бр. 4**

| **Изречени казни затвор според вид и според години, збирно за двете кривични дела** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година/Изречена казна | Доживотен затвор | Затвор од 20 години | Затвор 10-15 години | Затвор 5-10 години | Затвор 3-5 години | Друга казна |
| 2019 | 2 | 3 | 6 | / | / | / |
| 2020 | 1 | / | / | / | / | / |
| 2021 | / | 1 | / | / | / | / |
| 2022 | 7 | 5 | 6 | 5 | 1 | / |
| 2023 | / | / | / | / | / | / |
| 2024 | 3 | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 13 | 9 | 12 | 5 | 1 | / |

Извор: МАКСТАТ.[12]

[12] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (МАКСТАТ), Statistical Yearbook, 2024 (Скопје: МАКСТАТ, 30 октомври 2024), достапно на: State Statistical Office Publications.

Во Табела бр. 5 сликовито може да се види соодносот помеѓу изречените казни затвор, споредбено за двете кривични дела. Според табелата, од вкупниот број пресуди за делото „Тероризам“, 44 % од осудените лица добиле казна доживотен затвор, додека, пак, условно речено, само 22 % од осудените за делото „Терористичка организација“ ја добиле истата казна. Кај казната затвор од 20 години имаме спротивна ситуација, процентот на пресуди овде изнесува 16 % од осудите за делото „Тероризам“ и 27 % од пресудите за делото „Терористичка организација“. Ситуацијата е речиси идентична кај казната затвор од 5 до 10 година, 33 % со 27 %. Помалите казни речиси и да не постојат кај осудите за делото „Тероризам“, додека, пак, нивната застапеност во пресудите за делото „Терористичка организација“ е околу 22 %. Разлика овде треба да се бара во фактот што лицата осудени за кривичното дело „Терористичка организација“ може да се појават во многу повеќе својства, отколку кај кривичното дело „Тероризам“.

**Табела бр. 5**

| **Изречени казни затвор според дела за периодот од 2019 до 2024 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Кривично дело | Доживотен затвор | Затвор од 20 години | Затвор 10-15 години | Затвор 5-10 години | Затвор од 3-5 години |
| Тероризам | 8 | 3 | 6 | 1 | / |
| Терористичка организација | 5 | 6 | 6 | 4 | 1 |

Извор: МАКСТАТ.[13]

Возраста на обвинетите и осудените лица не е достапна во јавните извори на податоци и не може да се изнесат детални резултати. Но, во одредени извори може да се пронајдат податоци за возраста на само 10 осудени и уште 2 обвинети лица. Според достапните податоци, најмладото осудено лице има 21 година, додека, пак, највозрасното има 37 години. Само две осудени лица се на возраст над 30 години, додека, пак, останатите осум се на возраст од 21 до 28 години.

[13] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (МАКСТАТ), Statistical Yearbook, 2024 (Скопје: МАКСТАТ, 30 октомври 2024), достапно на: State Statistical Office Publications.

Двете споменати лица што се обвинети за делото „Тероризам“ се малолетници против кои во 2022 година се покренати кривични постапки поради пратени закани во средни училишта преку е-пошта. Училиштата беа проверени, експлозив не е пронајден, преземени се форензички и финансиски проверки, но поради зачестеноста и сериозноста на заканите, кон нив е покрената кривична постапка за делото од членот 394-б.

## 4. Заклучок

Овој труд претставува систематска и детална анализа на феноменолошките карактеристики на сторителите на кривичните дела „Тероризам“ и „Терористичка организација“ во Република Северна Македонија, со особен фокус на законската регулатива, квантитативните податоци и демографските профили на сторителите. Законодавството на Република Северна Македонија обезбедува јасна и прецизна рамка за дефинирање и санкционирање на овие тешки кривични дела, при што се нагласува сериозноста на заканите кон уставниот поредок и безбедноста на државата.

Статистичките податоци за периодот 2019–2024 година укажуваат на речиси рамномерна застапеност на кривичните дела „Тероризам“ и „Терористичка организација“, со доминација на машки сторители, што е индикативно за одредени социјални и културни аспекти поврзани со извршувањето на овие дела. Високите казни затвор, вклучувајќи значителен процент на доживотни затворски казни, ја одразуваат политиката на македонското правосудство во однос на превенцијата и репресијата на тероризмот, со цел да се обезбеди ефективна заштита на јавниот ред и националната безбедност.

Дополнително, ограничените но значајни податоци за возраста ја истакнуваат потребата од посебен фокус на младите возрасни категории, како и на превентивни мерки насочени кон раната детекција и интервенција во случаите на потенцијални екстремистички активности меѓу малолетните лица. Овие аспекти се од особена важност за креирањето ефективни стратегии за превенција, кои треба да бидат интегрирани во поширокиот национален и меѓународен контекст на борба против тероризмот.

Значајно е да се потенцира дека усогласувањето на домашното законодавство со европските и меѓународните стандарди обезбедува подобра координација и соработка

помеѓу државните институции и меѓународните организации, што е клучен фактор за ефективно спречување и гонење на терористичките активности.

Во светлина на изложеното, овој труд придонесува со важни сознанија што може да послужат како основа за понатамошни истражувања, како и за развој на системски и научно базирани превентивни и репресивни мерки со цел зајакнување на безбедноста на Република Северна Македонија и зачувување на стабилноста и уставниот поредок.

Препораки за идни истражувања и мерки:

- Длабински социолошки и психолошки анализи на мотивите и позадината на сторителите, со посебен акцент на факторите што го олеснуваат нивното вклучување во терористички активности.

- Развој и имплементација на специјализирани превентивни програми, особено насочени кон младите лица и ранливите групи, со цел намалување на ризикот од радикализација.

- Унапредување на меѓуинституционалната соработка, како и соработка со меѓународните безбедносни агенции, со цел подобро следење и спречување на терористичките активности.

- Проширено собирање и анализа на демографски податоци, вклучувајќи податоци за возраста, образованието, социјалната позадина и економскиот статус на сторителите, што би овозможило поцелосно разбирање на феноменот.

- Истражување на влијанието на дигиталните платформи и социјалните мрежи во процесите на радикализација и планирање терористички акции, со цел развој на соодветни дигитални стратегии за превенција.

- Постојано следење и ревизија на законодавството и практиките за борба против тероризмот, со цел нивно приспособување кон динамичните безбедносни предизвици.

- Со спроведувањето на овие препораки, институциите може значително да ја подобрат ефикасноста на превентивните и репресивните мерки, со што би се намалил ризикот од појава и последици од терористички активности во Република Северна Македонија.

**Користена литература**

1. Шалијан Ж. И Блин А., „Историјата на тероризмот: од антиката до Ал Каеда", Табернакул, Скопје, 2009.

2. Стојановски, Трпе, Полицијата во демократското општество, 2 Август С, Штип, 1997.

3. Maslow, Н. А., Мотивација и личност, Нолит, Београд, 1982.

4. Алекс П. Шмид, „The Definition of Terrorism", во: The Routledge Handbook of Terrorism Research, уред. Alex P. Schmid (London: Routledge, 2011).

5. Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (МАКСТАТ), Statistical Yearbook, 2024 (Скопје: МАКСТАТ, 30 октомври 2024), достапно на: State Statistical Office Publications.

6. Кривичен законик на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр. 37/96, со измени и дополнувања), член 313 – Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста, достапно и на: https://www.pravda.gov.mk/krivicen-zakonik.

**Panche Kocev, MSc**[14]

# PHENOMENOLOGICAL CHARACTERISTICS OF THE PERPETRATORS OF THE CRIMINAL OFFENSES OF TERRORISM AND TERRORIST ORGANIZATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

## Abstract

Reflecting on the legal framework surrounding the criminal offenses of Terrorism and Terrorist Organization, as well as the phenomenological characteristics of the perpetrators of these two serious crimes, the author of this brief paper aims to provide a more detailed explanation of the traits of their offenders and to offer analyzed information that may later prove particularly useful within the society's overall preventive system, especially in the field of terrorism prevention and the development of a new set of measures for counter-terrorist action. These incriminations have been placed by Macedonian legislation within the Criminal Code of the Republic of North Macedonia, specifically in Chapter 33: Criminal Offenses Against Public Order. In this paper, the author seeks to present an overview of the prevalence of these offenses in our region, the gender of the perpetrators, as well as the response of law-enforcement bodies and judicial authorities through the judgments delivered for the aforementioned criminal acts.

**Keywords:** *terrorism, terrorist organization, criminal offense, counter-terrorism*.

---

[14] Ministry of Internal Affairs, Rapid Deployment Unit. E-mail: panche2kocev@gmail.com.